**20251332916**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јули 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.126/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.166/23), во членот 1 зборовите „пченицата и јачменот“ се заменуваат со зборовите „пченицата, јачменот и оризот“.

Член 2

Во членот 4 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Корисниците на финансиската поддршка за складирање покрај условите од став 1 на овој член, во случај на земјоделски производ - ориз во форма на оризова арпа од домашно производство, на кој се однесува интервенциската мерка, согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, треба да имаат и складирано најмногу до 5.000 тони за остварени приноси најмногу до осум тони по хектар оризова арпа од пријавените земјишни капацитети од барањето за директни плаќања.“.

Член 3

Во членот 5 во ставот 2 зборовите „пченица и јачмен“, се заменуваат со зборовите „пченица, јачмен и оризова арпа“.

Член 4

Во членот 6 ставот 3 се брише.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6060/6
1 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.